РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0901 - 114/6
26.02.2025 год.

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧИНОКОТ НА ИНСПЕКТОРИТЕ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 2024 ГОДИНА

Дел Бр. 0901-114/6

Датум: 26.02.2025
Место: Свети Николе

Даниела Панева

Раководител на одделение за инспекциски надзор

**Резиме**

Овој извештај за оценување на инспекторите од одделението за инспекциски надзор на општина Свети Николе е од јавен карактер и претставува писмено известување за севкупната реализација на програмските и месечни активности предвидени за 12 месеци од 2024година, а реализирани од страна на ивработените инспектори од одделението за инспекциски надзор на општина Свети Николе.

Извештајот за оценување на учинок на инспекторите, се носи врз основа на член 61 став 3 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на РСМ бр.102/2019), а оценувањето на инспекторите го врши непосредно претпоставениот раководител (согласно член 57 став 3 од Законот за инспекциски надзор), за општина Свети Николе е Даниела Панева-Раководител на одделение за инспекциски надзор-Виш инспектор.

Секоја година инспекторите се оценуваат најдоцна до 31 Јануари во тековната година , за реализираната работа од предходната година со годфишна работа.

Годишната работа за цела 2024година, реализирана од страна на инспекторите од одделението за инспекциски надзор на општина Свети Николе е опфатена во овој извештај за оценување.

Одделението за инспекциски надзор во општина Свети Николе, во 2024 година работеше со пет(5) вработени извршители-инспектори. Сите инспектори имат лиценци во областа која работат.

Во текот на цела 2024 година,инспекторите од одделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе вршеа инспекциски надзори над спроведување и почитување на обврските утврдени со закон и подзаконски акти. Надзори се вршеа испаѓајќи на терен, со реализирање на редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори..

Оценувањето се реализира врз основа на законски дадените критериуми за успешност, направениот непосреден увид во сите предмети за реализирани инспекциски надзори кај сите инспектори, увид во сите водени постапки во минатата 2024 година, споредено со годишниот план/програма за работа и планираните секој месец однапред, месечни планови за 2024 година, колку вкупно надзори се реализирани во однос на планираните, дали инспекциските акти се издадени во законски рок, квалитетот на водење на предмети во писмена и електронска документација, писменото изразување на инспекторот во севкупната доставена документација и во повратното известување на подносителите на барања за надзор, усовршувањето на инспекторот преку посета на обуки и реализирани други дополнителни активности и други преземени дејствија, согласно Законот за инспекциски надзор, според Правилникот за начинот на оценување за учинокот на инспекторот.

Извештајот за оценување на учинок на инспекторите е креиран после реализираното индивидуално интервју и годишно оценување на секој инспектор од оделението, а со предходно закажан термин за интервју за оценување. Во извештајот се известува за севкупната работа на инспекторите и прикажаните резултати од работата од 2024 година , а согласно дадените критериуми за оценување, содржани во Законот.

**Квалитативна анализа**

Во текот на 2024 година, инспекторите од одделението за инспекциски надзор Свети Николе севкупно гледано успешно се справуваа со сите настанати предизвици на тере, вршеа инспекциски надзори според планот за работа во годишната програма за 2024година како и според месечните планови, но исто така вршеа вонредни инспекциски надзори по добиен писмен поднесок, барање, иницијатива од странки или по службена должност.

Врз основа на планираните инспекциски надзори, индивидуално доставени до секој инспектор од одделението, со постапување во четирите области (животна средина, комуналии, градежништво и патен сообраќај), во текот на цела 2024 година, вкупно се реализирани 82 инспекциски надзори од кои 3 редовни,49 вонредни и 34 контролни од кои 82 во општина Свети Николе и 4 во општина Лозово од кои вкупно со решенија имаме утврдено 32 неправилности во општина Свети Николе и1 неправилност во општина Лозово.

Врз основа на реализираните индивидуални интервјуа со сите вработени инспектори од одделението, личните квалитети на инспекторите и резултатите покажани од својата работа во текот на целата 2024 година, а согласно ЗИН, со Решение за годишна оценка, описно и со бодови е донесена годишна оценка за учинок за секој инспектор индивидуално. Согласно ЗИН и критериумите за успешност на инспекторите, описно како резултат на остварени бодови за успешност ги имаме следните годишни оценки: два инспектори се оценети со оцена "Б-се истакнува", два инспектори се оценети со оцена "В- задоволува" и еден инспектор е оценет со оцена "Д- не задоволува".

**Квантитативна анализа**

Организационата поставеност, сиематизираните работни места и бројот на вработените во одделението за инспекциски надзор во 2024 година согласно систематизацијата има вработени 5 инспектори: раководител на одделение за инспекциски надзор-Виш инспектор и четири општински инспектори : две инспекторки од обласа животна средина по звање советник и самостоен инспектор, еден советник комунален инспектор и еден советник градежен инспектор, односно 2024 година се работеше на следниве 4 области: животна средина, градежништво, комуналии и патен сообраќај.

Во одделението за инспекциски надзор по систематизација утврдени се 6 работни места од кои 5 извршители се вработени, а едно работно место (инспектор за патен сообраќај) е празно. Со областите на делување, опфатени со ситематизацијата, имаме целосна, односно100% покриеност за сите предвидени по систематизација сфери, освен за патишта. Сите вработени инспектори во оделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе,имаат завршено високо и соодветно образование за своите области по кои делуваат.

Според потребите на општината , а воедно и на добиени барања произлезени од страна на граѓаните на општина Свети Николе за регулирање на сообраќајот во општината, недостасува инспектор за патишта, а исто така и инспектор за домување. Заради обезбедување на безбедноста на патиштата и според потребите на општината, потребно е да имаме инспектор за патишта. Општината има лиценциран инспектор за патен сообраќај но не и за патишта, инспекторот, воедно раководител на одделението по вокација е правник и делува согласно законската регулатива за патен сообраќај и ЗИН, односно постапува по службена должност или по барања од странки во областа на патниот сообраќај, но прашањата од областа на безбедност на сообраќајот на патишта, за кои имаме многубројни барања останува нетретирано бидејќи општината нема таков стручен кадар, односно инспектор за патишта.

Непотполнето работно место е позицијата: инспектор за патен сообраќај, но сепак нема застој во работата на ова поле, бидејќи патниот сообраќај е воден од страна на раководителот на одделението (кој воедно е и лиценциран инспектор за патен сообраќај), а согласно член 58 став 3 точка 4, инспектор со ниво Б4 и со најмалку 35% од месечното работно време е потребно да врши инспекциски надзори. Раководителката на одделението за инспекциски надзор, има 37 реализирани инспекциски надзори, во првиот извештаен период има реализирано 19 надзори, а во вториот 18 инспекциски надзори. Од областа на патниот сообраќај има направено 7 самостојни инспекциски надзори, 5 заеднички со полициски службеници по нивна иницијатива за соработка, додека од областа на животна средина и комунални работи по барање на инспекторите од одделението,од самостојниот инспектор и комуналниот инспектор има реализирано 20 заеднички инспекциски надзори. Заедно со советник инспекторот за животна средина има реализирано 5 инспекциски надзори, како активност од дадената препорака од предходното оценување за инспекторот.

Раководителката на одделението за инспекциски надзор вршеше и други дополнителни активности поврзани со лиценцирање на авто такси компаниите и јавните превозници во патниот сообраќај како и други непланирани активности кои тековно се јавуваа како потреба за постапување. Раководителот на оделението како своја работна обврска, согласно ЗИН,секој месец прави месечни планови за секој нареден месец, месечен план за вршење инспекциски надзори со одреден број на надзори, за сите вработени инспектори од оделението за инспекциски надзор на општина Свети Николе.

Месечните планови раководителката ги прави и доставува, секој предходен месец (на крај на месецот или на почеток на новиот месец, со планирани инспекциски надзори)

и секогаш електронски ги доставува во мрежите на сите вработени инспектори во оделението, за кои месечни планови се информирани сите инспектори од одделението.

Во текот на извештајниот временски период инспекторката редовно вршеше инспекциски надзори и кај превозниците на јавниот превоз на патници, во општинскиот превоз,Палма дооел за превоз на ученици од селата и"Циле транс", кој врши превоз на патници од седум рурални средини (Горобинци, Ерџелија, Мустафино, Кадрифаково, Амзибегово, Црнилиште и Пеширово)патници од селата до градот и назад и на ученици од селата и назад. При инспекциските надзори, во општинскиот превоз немаше утврдено пропусти.

Врз основа на успешноста на учинок оценета е со оцена "Б-се истакнува", согласно критериумите за годишна оценка на учинок, а оценувањето го направи непосредно одговорното лице, секретарот на општина Свети Николе.

Во текот на цела 2024година, инспекторките за животна средина заедно имаат направено вкупно 101 инспекциски надзори од областа на животната средина, односно според индивидуалните извештаи на инспекторките се реализирани следните надзори и тоа:
Советник инспектор за животна средина во текот на цела 2024 година има реализирани 27 инспекциски надзори, од кои 16 вонредни инспекциски надзори и 11 контролни надзори. Во овој извештаен период, а врз основа на дадената препорака при последното годишно оценување, инспекторката(советничка) за животна средина, ја почитуваше препораката и заедно со раководителката одеше на терен при вршење на инспекциски надзори од областа на животна средина и има реализирано 8 инспекциски надзори од кои 4 вонредни еден контролен, исто така инспекторката имаше спорни решенија до ДОО Македонски телекомуникации до кого инспекторката испрати 3 решенија по основ на жалба .

Самостојниот инспектор за животна средина во текот на извештајниот период има реализирано 36 инспекциски надзори од кои 17 вонредни, 17 контролни и 2 редовни, додека за цела 2024 година има направено вкупно 74 инспекциски надзори од кои 12 редовни, 29 контролни и 33 вонредни инспекциски надзори.

На терен во надзор одат сами, а понекогаш, по барање на инспекторките и заедно со раководителот одеа во инспекциски надзори. Воедно во областа на животна средина, тековно постапуваа по усни и писмени барања, а повремено постапуваа и во ситуации со цел превенирање во областа на животната средина.Оценети се од страна на раководителот на оделението, двете инспекторки индивидуално, согласно критериумите за годишна оценка на учинок и постигнатите резултати од работата во 2024 година. Инспекторката советник за животна средина е оценета со "В-задоволува", а самостојниот инспектор е оценет со "Б-се истакнува".

**Градежниот инспектор** при Општина Свети Николе во текот на целата 2024 година има реализирано само 15 инспекциски надзори.

Работна задача и обврска на градежниот инспектор беше да постапува по иницијативи од странки и по службена должност, да ги контролира градежните одобренија и решенија, како и дозволите на објектитите кои се во тек на изградба, дали имаат Одобрение за градење или Решенија за градење, објекти кои се градат без Одобрение за градење или без Решенија за градење издадено од Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, како и на правните субјекти кои ги изведуваат градежните работи и вршат надзор на истите. Во 2024година, инспекциските реализирани надзори од областа градежништво, во големи размери се разликуваат во однос на планирани инспекциски надзори по годишна програма за 2024година и месечните планови за 2024година. Односно од вкупно 64 планирани инспекциски надзори(редовни, вонредни или контролни), реализирани се само 15 инспекциски надзори (според прикажаните предмети на увид за време на оценување), исто така во поголем број на предметите не се испочитувани ниту законските рокови во однос на донесување на инспекциските акти односно Решенија со изречена инспекциска мерка поради утврдена неправилност, затоа врз основа на успешноста на учинок, соодветно и согласно критериумите за годишна оценка на учинок, од страна на раководителот на оделението, градежниот инспектор е оценет со "Д-не задоволува" .

**Комуналниот инспектор** при општина Свети Николе во текот на 2024година има направено 36 инспекциски надзори од кои 21 се вонредни инспекциски надзори и 15 контролни надзори поради утврдени неправилности, а 12 решенија се донесени врз основа на фактичката состојба утврдена при инспекциските надзори. Комуналниот инспектор врши инспекциски надзори во рамки на својата работа и успешно се справува со ситуацијата со оглед на тоа дека има и здравствени проблеми во однос на комуникацијата, поради оперативен зафат на гласните жици. Во вршење на инспекциските надзори, заради целосна и добра комуникација со странките во постапката, на терен оди заедно со раководителот на опдделението, а по потреба и со инспекторот за животна средина. Од страна на непосредно одговорното лице, раководителот на оделението за инспекциски надзор е оценет е согласно критериуми за годишна оценка на учинок со оцена "В-задоволува".

**Заклучоци и препораки**

Врз основа на досега постигнатите резултати за 2024 година, од страна на работатата на инспекторите од одделението за инспекциски надзор во општина Свети Николе, а согласно предвидените месечни планови и годишната програма, како заклучок може да се смета дека средната оценка за 2024 година, севкупно земена од реализираната работа на сите инспектори заедно е пониска, со оглед на реалните можности.

Со цел постигнување на подобри резултати во работата на инспекторите, подобрување на квалитетот во работата на инспекторите со почитување на роковите согласно ЗИН, а со тоа и поголемо задоволство од страна на странките, стекнување на доверба во инспекциската служба, како мерки за следната година се препорачуваат:

- бројот на планираните инспекциски надзори на годишно ниво за секој инспектор индивидуално, опфатени во планирани месечни планови за 2025 година ќе биде намален
- се препорачува зголемување на финансиските средства во однос на посетување на генерички и специјализирани обуки за инспекторите на годишно ниво, со цел стручно усовршување на инспекторите и подобрување на квалитетот на работата на инспекциската служба/одделение за инспекциски надзор;
- почесто да бидат организирани специјализирани обуки и сите инспектори да не поканувaат за учество на специјализирани обуки, а општината да овозможи спроведување на предвидените на годишно ниво- генерички обуки за инспекторите;
- препорака до општината е да ги осигура инспекторите од одделението за инспекциски надзор од несреќа при работа, согласно член 53 од ЗИН;
- препорака до општината е да се овозможат услови за спроведување на инспекциски надзори од областа на безбедноста на патиштата, преку ангажирање на инспектор за патишта;
- последна препорака до општината, а водена од реалната потреба за вршење на инспекциски надзори е да обезбеди посебно службено возило за вршење на теренските работи на инспекторите од одделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе, поради фактот за недостаток на потребни возила за навремено вршење на инспекциски надзори во општина Свети Николе и руралните средини.

Врз основа на поднесените барања во текот на цела 2024година и постапување по службена должност беа разгледани работните активности во однос на постапувањата со инспекциски надзори и направениот целогодишен мониторинг и самоевалуација за работата на одделението и потребите од граѓаните базирани врз основа на поднесени барања и ин иицјативи за инспекциски надзори и врз основа на овој механизам, се одлучи во програмата за 2025 година да се намали бројката на планирани инспекциски надзори во месечните и годишни планови. Превентивните теренски надзори ќе се одвиваат во континуитет од страна на сите инспектори и по потреба ќе се реагира навремено до субјектите на надзори.

Даниела Панева

Раководител на одделение
за инспекциски надзор

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ